JustICT

# ГЛОБАЛЕН САМИТ ЗА
# **ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПРАВОСУДСТВОТО**

Охрид 2023

Зајакнување на правосудството - современи текови во дигитализацијата на правосудството во ЕУ,

Поглавје 23

Охрид, 31 Октомври - 02 Ноември 2023

# ГЛОБАЛЕН САМИТ ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПРАВОСУДСТВОТО - ОХРИД 2023

Зајакнување на правосудството - современи текови во дигитализацијата на правосудството во ЕУ,

Поглавје 23

**ОХРИД, 31.10.2023 - 02.11. 2023**

Почитувани,

Ви посакувам добредојде на вториот Глобален Самит за дигитализација на правосудството.

Охрид, балканскиот Ерусалим и градот под заштита на УНЕСКО, со својата гостопримливост и природните убавини е традиционално место за стекнување нови знаења, започнување на долгорочни иницијативи и место кадешто се разменуваат искуство и добри практики

Пораката на овој Самит е да постигнеме дигитална трансформација на правосудството следејќи ги европските вредности, начела и стандарди.

Дигитализацијата е нужна и неопходна како филозофија на функционирање на правосудството. Тоа е процес кој овозможува брза, ефективна, економична и транспарентна правда.

Самитот за дигитализација има за цел да овоможи промена на пристапот на правосудството во остварување на правата на граѓаните.

Во име на Организацискиот одбор, нашиот покровител, сите пријатели и поддржувачи коишто го овоможија одржувањето на овој Самит, Ви посакуваме успешна работа и Ве охрабруваме со својот активен придонес да овозможите плодни дискусии и корисни заклучоци за идните чекори за унапредување на процесот на дигитализацијата.

Искрено,

Советот за координрање на информатичко-комуникациска технологија
(ИКТ) во правосудните органи,



## Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи

Советот се основаше како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи.Во рамките на своите активности Советот за ИКТ предлага, создава, спроведува и обезбедува ИКТ решенија, што имаат за цел зголемување на ефикасноста и транспарентноста на правосудниот систем, како и централизирање на информатичките системи воспоставени во Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на Јавни обвинители на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, сите судови и обвинителства, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции и казнено-поправните и воспитно-поправните установи и Акакдемијата за судии и јавни обвинители, а заради обезбедување на брз, автоматизиран и непречен пристап до податоци, како и нивна меѓусебна интероперабилна размена.

Основот за формирање на Советот за ИКТ произлегува од член.87-а ст.1 од Законот за судови, каде е наведено дека Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи (во натамошниот текст: Советот за ИКТ) се основа како оперативно стручно тело составен од претставници на правосудните органи.

Советот за ИКТ дава предлог за утврдување на приоритети на политиките и координација на правосудните органи во работењето на системот на информатичкокомуникациската технологија а Министерството за правда дава административно-техничка поддршка на работењето на Советот за ИКТ, а сито така Министерот за правда со подзаконски акт го определува составот и начинот на работа на Советот за ИКТ.

Во рамките за своите надлежности на ден 10.06.2021 година Министерот за правда м-р Бојан Маричиќ, донесе Правилник за составот и начинот на работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи.

Исто така, врз основа на член 87-а од Законот за судовите (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19) и Правилникот за составот и начинот на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациска

технологија во правосудните органи ( “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.129/21), министерот за правда донесе Одлука за основање на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи.

На ден 24.08.2021 година од страна на Советот за ИКТ донесен е Деловник за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи.

Согласно член 23 од Деловникот за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи , Советот за ИКТ за својата работа поднесува полугодишен извештај до Министерството за правда.

Проф.д-р Лазар Нанев,
Претседател на советот за ИКТ

# ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА КООРДИНИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА НА РСМ



**Проф. д-р Лазар Нанев,**
*Претседател на советот за ИКТ*

Роден во Кавадарци 1969 година. На Правниот факултет во Скопје дипломирал во 1992 година, магистрирал во 2002 година, а докторирал во 2006 година. Во 2002 година е избран за судија во Основен суд Кавадраци, каде е и претседател на судот, а од 2008 година е избран за вонреден професор на Универзитет „Гоце Делчев„ Штип, Правен факултет, Катедра по казнено право.

Во1998 година положил Нотарски испит, завршил Школа за политика во Стразбург во 2003-2004 година. Од 2002 година активно е вклучен во реформските процеси на правосудството и во општествените активности како дел од работни групи за изготвување стратешки документи кои беа основа за реформата на казненото право, правосудниот систем, но и изработка на законите од областа на казненото процесно право, законите од областа на судството, правдата за децата, надомест на жртвите од кривични дела на насилство и др. Бил член на Управниот одбор на Полициската Академија 2004-2006 година,член на комисијата за изработка на Законот за малолетничка правда и иницијатор за донесување на овој закон од 1999 година,член на комисијата за изработка на Акционен план за заштита на правата на детето, член на Управниот одбор на ФФМ 2006-20012 година, спортски работник од 1988 година, претседател и основач на првата навладина организација во Кавадарци-Совет за превентива против малолетничка деликвнција во 1996 година, член на работното тело за стандардизација на АКМИС програмот во судовите од 2010, претседател на НВо-Парламент,член на комисијата за верификација на прашањата за полагање на вешти лица, член на извршниот одбор на Коалицијата за правично судење, член на Central & Eastern European Judicial Exchange Network,member, член на комисијата за надзор на имплементација на АКМИС- системот, координатор на комисијата за изработка на индикатори за следење на состојбата со децата жртви од насилство,член и претседател на Уредувачкиот одбор на списанието Судиска ревија,претседател на редакцискиот одбор на спиаснието Судска ревија, член на управниот одбор на Здружението за пенологија на РМ, член на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреби и занемарување,Влада на РМ, Решение, бр.44-7278/2 од 05.12.2017 год.,бил член и претседател на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија,

Во моментот е Претседател на Спортскиот Арбитражен суд при Македонскиот Олимписки комитет. Претседател е на Советот за координирање на информатичко-комуникациската технологија во правосудните органи – Совет за ИКТ од јули 2021 година.



**Проф. д-р Гордана Лажетиќ,**
*Заменик Претседател*

Родена во Скопје во 1971 година. На Правниот факултет во Скопје дипломирала во 1993 година, магистрирала во 1998 година, а докторирала во 2001 година. Во 2012 година била избрана за редовен професор, во коешто звање е реизбрана во 2017 година. Од 2008 – 2014 година била продекан на Правнот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, од 2016-2020 година била член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а од 2021 година е Раководител на Институтот за кривично право на Правнот факултет „Јустинијан Први" – Скопје.

Од 2007 година активно е вклучена во реформата на казненото процесно право како дел од работни групи за изготување стратешки документи кои беа основа за реформата на казненото право, правосудниот систем, извршувањето на санкциите и финансиските истраги, но и изработка на законите од областа на казненото процесно право, заштитата на сведоците, извршувањето на санкциите, јавното обвинителство, законите од областа на судството, правдата за децата, надомест на жртвите од кривични дела на насилство, за Канцеларија за поврат на имот и др.

Активна е во обуката на судиите и јавните обвинители во Академијата за судии и јавни обвинители како едукатор од самото основање на Академијата, а во два мандати е член на Програмскиот совет. Во периодот од 2017-2021 година била Директор на Центарот на Мрежата на правните факултети од Југоисточна Европа - The South East European Law School Network (SEELS)и главен и одговорен уредник на списанието SEE Law Journal. Во 2018 година станала член на Државниот совет за превенција на детско престапништво и на Советот за следење на имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор.

Од 2021 година член е на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност.

Член е на Советот за ИКТво правосудните органи при Министертвото за правдаод јули 2021 година, кога е избрана за заменик претседател.



**Лорета Ѓорѓиева,**
*член*

Дипломирала на 30.06.1993 година на Правен факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.Правосуден испит го положила на 20.10.1999 година.

Работното искуствокако судија го започнала на 07.2.2006 година, кога е избрана за судија во Основниот суд Струмица, каде до 2018 година работела како судија во кривичното одделение.Од 2010-2014 година е претседател на Подружницата на Здружението на судии на РМ за Основен суд Струмица.Во 2012 година работи како дел од работната група на Проект ЗСРМ со поддршка Одделот за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје. На ден 18.12.2018 година е избрана за член на Судскиот совет на РСМ.

Била учесник на голем број семинари и обуки од областа на кривичното право, од областа на зашитата на авторските права и правото на ителектуалната сопственост и други овласти од правото. Била дел и од обуката за обучувачи за член 10 од ЕКЧП. Зборува англиски јазик.

Таа е Лиценциран обучувач за медијација. Воедно била член во различни работни групи за донесување и измена на закони и други правни акти како и член на работната група за Мерење на перформансите во судството – Матра проектот. Претседател  е на комисија за ревизија на испити во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје.

Член е на Советот за ИКТ во правосудните органи при Министертвото за правда од јули 2021 година.



**М-р Миљазим Мустафа,**
*член*

Дипломиран правник, магистер по Европско право и интеграција. Своето работно исуство го започнал во Министерство за одбрана – Сектор за правни работи, потоа продолжил како државен советник во Сектретаријат за спроведување на рамковниот договор во Владата на Република Македонија. Потоа, бил државен советник во Министерството за правда, од каде што е избран за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, кадешто во еден мандат бил и заменик претседател. Говори албански, македонски, англиски и италијански јазик.

Во своето работно искуство бил претседател и член во десетици работни групи за донесување и измена на закони и подзаконски акти, учесник во различни конференци и семинари како излагач и слушател, член на раководни позиции во невладини организации од домен на човековите права, меѓународното право, медијација, арбитража и слично, член во меѓународни и регионални институции и организаиции како експерт и претставник на РСМ. Следел различни курсеви и обуки во земјата и во странство, а има објавено десетици научни трудови во меѓународни научни списанија.Воедно, тој е медијатор и арбитер.

Член е на Советот за ИКТво правосудните органи при Министертвото за правда од јули 2021 година.



**М-р Фатиме Фетаи,**
*член*

Јавен обвинител кој ја извршува функцијата повеќе од 10 години, и тоа: во периодот од декември 2011 година до ноември 2015 година во Основното јавно обвинителство Скопје; од ноември 2015 година до септември 2019 година во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на

комуникациите; од септември 2019 година до април 2021 година во Основното јавно обвинителство Скопје и од април 2021 година во Вишото јавно обвинителство Скопје.

Претходно, од јули 2008 до декември 2011 година-стручен соработник во Апелациониот суд Гостивар, во Кривичен оддел.

Магистер на правни науки, моментално докторанд на правни студии од областа на казненото процесно право на УКИМ.

Ментор во Академијата за судии и јавни обвинители “Павел Шатев“-Скопје.

Член е на Советот за ИКТво правосудните органи при Министертвото за правдаод јули 2021 година.



**Трајче Пеливанов,**
*член*

Роден е на 24.04.1971 година, во Кавадарци. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во 1995 година. Правосудниот испит го положил во 1997 година, а во 2009 година се стекнал со својство кандидат за судија/јавен обвинител.

Работното искуство го започнал како советник во Основното јавно обвинителство во Кавадарци во 1998 година. Во периодот од 2005-2009 бил секретар на Основниот суд во Кавадарци. Во 2009 година бил избран за јавен обвинител во Основното јавно обвинителствоо во Скопје. За јавен обвинител во Специјалното јавно обвинителство бил избран во 2015 година, а од 2021 година е избран за јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Активен бил и како претседател на Коалицијата „Сите за правично судење“ Скопје во периодот од 2003-2007 година, во периодот од 2012-2015 година бил член на Извршниот одбор на Здружението на јавните обвинители на РМ, а бил и член на работната група за изготвување на Правилникот за еваулација на работата на јавните обвинители и на работната група за изготвување на Етичкиот кодекс за јавните обвинители.

Зборува англиски јазик. Остварил неколку студиски посети, од кои позначајни се студиските посети во Виена, во 2005 година, за Трговија со луѓе; во Варшава 2006 година, за примена на ЕКЧП, ОБСЕ; во Сараево 2010 година, за предистражната постапка ИЦИТАП; посета на САД, 2013 година.

Член е на Советот за ИКТво правосудните органи при Министертвото за правдаод јули 2021 година.



**Весна Бојаџиевска,**
*член*

Родена на 12.02.1963 година во Велес. Дипломиран електротехнички инженер при Универзитет“Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Електротехнички факултет, смер информатика со автоматика од 1988 година.

Од 1988 до 2002 година вработена во Центарот за електронска обработка на податоци во “Металски завод - Тито Скопје“ на позиција Систем инженер. Во тој период дополнително се обучува во “ИБМ Образовен Центар Радовљица“ во Република Словенија со завршени повеќе од 20 курсеви во областа на ИКТ.

Од 2002 година и тековно вработена во Центарот за информатика на Врховен суд на Република Северна Македонија, на почетокот на позиција Раководител на одделение за оперативни системи и мрежи, а од 2011 година на позиција Раководител на Служба за информатика.

Во изминатиот период од 20 години работи на планирање, имплементација и развој на ИКТво судскиот систем од основањето на Центарот за информатикапа до денес преку активно учество во повеќе проекти од кои позначајни се: Проект на Врховниот суд на РСМ во 2021-2022 г. за обнова на амортизираната ИКТ опрема и софтвер во сите судови кој е во фаза на реализација; Проект ИПА2012 во 2017 г. за потребите на институциите во контекст на борбата против корупцијата и организираниот криминал; Проект ИПА Твининг во 2017 г. за изработка на ИКТ Стратегија со Акциски план за правосудниот сектор; Проект ИПА2010 во 2016 г. за ИКТ опремемување на Врховниот суд согласно поребите за електронската достава на судски документи и изработка на современи web портали за сите судови; Проект на Светска банка во 2013 г. за софтверско решение за Системот за електронска достава на судски документи; Проект на Министерството за правда во 2013 г. за хардверско - софтверско решение и преземање на базата на казнена евиденција во надлежност на судовите; Проект на Врховниот суд во 2012 г. за изработка на web страна за објавување на судската пракса;Проект на Светска банка во 2011 г. за опремување со активна мрежна опрема на сите судови; Проект LJIIS на Светска банка во 2010 г. за опремување со сервери, софтвер и друга ИТ опрема на сите судови;Проект на Врховниот суд во 2009 г. за хардверско и софтверско опремување на сите судови со безбедносни уреди; Проект на Врховниот суд во 2009 г. за изработка на web страни на сите судови; Проект на Министерството за правда во 2008 г. за опремување на сите судови со информативни дисплеи; Проект JRIP на УСАИД во 2008-2009 г. за развој и импментација на АКМИС системот во судскиот систем;Проект на УСАИД во 2005 г. за имплементација на

хардверско и софтверско решение за материјално, финансово, трезорско работење во сите судови;Проект на Владата на Република Македонијаво 2002 г. за опремување со ИКТ опрема и имплементација на СИС системот во сите судови; Проект ФАРЕ во 2002 г. за хардверско и софтверско опремување на прекршочните одделенија во шест пилот судови; и други ИПА проекти кои се однесуваат на планирање на потреби од областа на ИКТ, стратешко планирање, владеење на правото.

Ова е нејзин втор мандат кско член во Советот за ИКТво правосудните органи при Министертвото за правда.



**Катерина Мишковска,**
*член*

Родена на 01.01.1983 година во Тетово. Дипломирала на Универзитет на Југоисточна Европа, Факултет за современи науки и технологии, отсек Компјутерски науки.

Во период од септември 2008 година до септември 2010 година во Министерство за правда, работи на веб апликациски развој на проектот ЛДБИС, база за пребарување, прикажување, печатење и спуштање на документите, закони и прописи објавени во Службен весник, бесплатно достапна за граѓаните.

Во период од октомври 2010 до јули 2021 година во Министерство за правда работи како информатичар - систем администратор за мрежи и антивирусна заштита, во Секторот за ИКТ.

Од август 2021 годидна во Совет на јавни обвинители на РСМ работи како информатичар - систем администратор, во ИТ службата на Советот.

Од октомври 2021година е член на Советот за ИКТ во правосудните органи при Министертвото за правда.



**Ирена Димовска,**
*член*

Родена 28.06.1976 во Скопје. Стручното образованиего започнува во средното стручно училиште Орце Николов - насока компјутерска техника и автоматика, а високото образование го продолжува на Електротехничкиот факултет приУниверзитетот Св. Кирил и Методиј - насока КТИА, Компјутерска техника, информатика и автоматика.

Работниот стаж во струката изнесува 17 години.Работното искуство го стекнува во повеќе фирми, а работниот однос во Јавното обвинителство на Република Северна Мскедонија го заснова во март 2014 г. Работи како советникво Одделение за развој и поддршка, ИТ сектор во ЈОРСМ.

Ова е нејзин втор мандат кско член во Советот за ИКТво правосудните органи при Министертвото за правда.



**Михајло Војтикив,**
*член*

Вработен во Министерството за правда на РСМ во Сектор за ИКТ, во одделението за развој иапликативна поддршка. Работно искуство од 15 години.

Главни активности и одговорности: Разработка на развојни стратегии, надградба на системот и ИТ безбедност; Развојни проекти базирани на стратешки документи на ИКТ секторот; Имплементација на софтверски решенија во рамките на судството; Планирање, евалуација и имплементација на физичка и информациска безбедност.

Обезбедување поддршка и координирање на работењето на апликациите што се користат во Министерството за правда. Поддршката при имплементација и развој на апликации што се користат во Министерството за правда.

Член во Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи и исто така член во повеќе работни групи во полето на дигитализацијата на услугите и бизнис процесите на Министерството за правда и пошироко во правосудството.

Член е на Советот за ИКТво правосудните органи при Министертвото за правда од јули 2021 година.



**Ирена Шекуткоска Јанакиевска,**
*секретар на ИКТ Советот*

Ирена Шекуткоска Јанакиевска е родена на 28 јули 1984 година во Вевчани.

Основното образование го завршува во ОУ„Страшо Пинџур“ во родното место, а средно во ДСМУ „Јован Калаузи“ во Битола.

Дипломира правни науки во 2009 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј – Правен факултет.

Веднаш по дипломирањето го започнува својот приправнички стаж, а од почетокот на 2015 година работи како самостоен адвокат со своја адвокатска канцеларија.

Својата кариера во јавниот сектор ја започнува во 2019 година во Министерството за правда. Денес е советник за постапување по претставки и предлози по работата на правосудните органи во Секторот за правосудство.

Во текот на својата работна кариера учествува на бројни конференции,семинари и обуки. Покрај мајчиниот македонски јазик, активно зборува англиски и српски/хрватски/босански јазик.

Како секретар на Советот за ИКТ е назначена од моментот на неговото основање.

# ПОДАТОЦИ ЗА САМИТОТ

## Организационен одбор:

- Проф. д-р Лазар Нанев, Претседател
- Проф. д-р Гордана Лажетиќ, Потпретседател
- М-р Фатиме Фетаи,Програмски координатор

## Членови на организацискиот одбор:

- Лорета Ѓорѓиева, Судски совет на РСМ
- М-р Миљазим Мустафа, Судски совет на РСМ
- М-р Фатиме Фетаи, Вишо јавно обвинителство Скопје
- Трајче Пеливанов, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
- Весна Бојаџиевска, ИТ Врховен суд на РСМ
- Ирена Шекуткоска Јанакиевска, Министерство за правда на РСМ

## Техничка поддршка:

- Михајло Војтикив, ИТ во Министерството за правда на РСМ
- Петре Мркев, ИТ во Основен суд Кавадарци

# ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА САМИТОТ

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ:

Хотел „Инекс Олгица“ – Охрид

Адреса: Наум Охридски, 5-7, 6000 Охрид

Тел.: + 39 46 277 520

E-Mail: marketing@hotelinexgorica.com.mk

http://hotelinexolgica.com.mk/






## РЕГИСТРАЦИЈА НА УЧЕСНИЦИТЕ:

Рецепција – Хотел „Инекс Олгица“
Понеделник 30 Октомври 2023 од 15 до 20 часот

## САЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА САМИТОТ:

Дијамантска конгресна сала

## ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР:

Фоаје на х. „Инекс Горица“

## КАФЕ ПАУЗИ:

Летна тераса на хотелот
Фоаје на хотелот

## РУЧЕК:

Национален ресторан во хотелот

## ВЕЧЕРА:

Според агендата на Самитот

## ОФИЦИЈАЛНИ ЈАЗИЦИ НА САМИТОТ:

Македонски
Англиски

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО ДИГИТАЛНИОТ СВЕТ

## Резиме


Развојот на технологијата обезбеди брза, но пред се сигурна и безбедна комуникација за се што ни е потребно во моментот, без разлика дали се работи за остварување на некакво право пред надлежен орган, секојдневна активност или споделување на информација.

Сепак, начинот на кои се извршуваат некои од интеракциите во електронска форма беа недоволно регулирани. Оттука, јасно е дека технолошкиот развој го предизвика и правниот систем. Ако пред 30 години законодавството на развиените демократии содржеше единствено упатства за начинот на поврзување со интернет на компјутерите на една организација, денес се регулирани речиси сите процеси, без разлика каква технологија користиме. Регулиран е начинот на пренос и пристап до информации со употреба на средства за електронска комуникација, размена на податоци и документи, процесот на утврдување на идентитетот на лицата од далечина, начинот на употреба на докази во електронска форма и многу други аспекти, со што несомнено може да се заклучи дека законодавството се разви во насока на обезбедување на правна заштита и правна сигурност на сите интеракции во дигиталниот свет помеѓу различни чинители.

Развојот правните системи мора да се менува онака како што се развива технологијата. На ниво на Европска унија Директивата за електронски потпис од 1999 година е заменета со Регулативата eIDAS во 2014 година, Директивата за заштита на личните податоци од 1995 година е заменета со GDPR во 2016 година, токму заради потребата за обезбедување на правна сигурност при употреба на нови технологии. Компаративно, развојот на правните системи заради развојот на технологијата е актуелен речиси во сите современи демократии, вклучително и во Република Северна Македонија.

Факт што не може да се избегне е влијанието на пандемијата од Ковид-19, особено во контекст на дигитална трансформација. Пандемијата не научи дека голем дел од активностите можеме да ги извршуваме поинаку и дека речиси се може да се спроведе електронски и од далечина. Дозволите за движење во време на полициски час или сертификатите за вакцијација, на жалост, беа првите електронски документи кои ги видоа и граѓаните и институциите, но за прв пат беа прифатени и како докази во електронска форма.

Сите овие дигитални интеракции, примена на современи технологии, доследна имплементација на веќе законски пропишаните приницици “onceonly” и “digital by default” не само што се неопходни средства за ефикасна и ефективна судската власт, туку се и основен механизам за полесен, соодветен и еднаков пристап до правда.

## Опис на самитот

Заради потребата да се опфатат сите суштински теми неопходни за остварување на очекуваните резултати, истовремено со главните панел дискусии, ќе се одржуваат и работилници на теми поврзани со дигитална трансформација, генерално. На главните панел дискусии ќе се обратат говорници кои се истакнати познавачи на областите за кои се однесуваат темите за дискусија. Панел дискусиите ќе ги водат модератори. На работилниците ќе се вклучат експерти кои со своите излагања ќе опфатат примери од пракса кои се однесуваат на теми поврзани со дигитална трансформација. Работилниците ќе ги водат фасцилитатори. Говорници ќе бидат судии, обвинители, истражители, претставници од академската заедница, креатори на политики и претставници од приватниот сектор кои вршат дејности поврзани со имплементација на решенија за дигитална трансформација. Оттука, самитот ќе се одржи во Охрид, на две блиски локации кои дополнително ќе бидат утврдени. Периодот на времетраење ќе биде два дена, во месец јуни 2022 година.

## Цел

Имајќи предвид дека дигиталната трансформација на правосудниот сектор во Република Северна Македонија е во почетна фаза, за што веќе се преземаат активности за имплементација на мерките определени со Стратегијата за информатичко-комуникациска технологија во правосудството, овој настан е неопходен заради размена на искуства и информации за примена на ИКТ во правосудството. Дополнително, овој настан ќе ја олесни прекуграничната соработка со правосудните органи на други држави преку размена на искуства и најдобри практики за воспоставување на рамка за интероперабилност за обезбедување на правна помош.

## Теми кои ќе бидат опфатени на самитот за дигитална трансформација во правосудството

- Дигитализација и дигитална трансформација на глобално ниво (актуелните процеси на дигитализација, дигиталната трансформација во судството како предуслов во процесот на скрининг и почеток на преговорите со ЕУ);

- Процесот на дигитализација и дигиталната трансформација како предуслов за интероперабилност меѓу судовите и другите државни органи

- Развој на ИКТ алатки, предизвици и можности (степенот на дигитална трансформација во судството и во другите државни органи; предизвици за ефективна интероперабилност; пристап до бази на податоци во форма на

- електронски услуги; координирање на потребните активности за размена на информации и документи; ресурси во технички, организациски и кадровски аспект);

- Употреба на дигитални алатки во дигиталната правда и прекуграничната размена на документи - предизвици и можности;

- Дигитална правда и основни права;

- Стратешки определби во однос на ИКТ во судството(преглед на проектираните стратешки цели во Развојната секторска стратегија за правда 2023-2027);

- Дигитална трансформација во обвинителството, правобранителството и адвокатурата;

- Иновација на ИКТ алатки во правосудството;

- Добри практики за користење современи технолошки решенија за еднаков пристап до правдата (можности што ги нудат двонасочните комуникациски платформи; компаративни искуства од далечинско судење; пристап до е-датотека; предности на мобилната апликација и добра практика на користење други софтверски решенија;

- Пристап до владеење, транспарентност и ефикасност со примена на нови иновативни ИКТ алатки од ИТ компании за правосудните органи (споделување искуства во врска со добри практики и тешкотии во процесот на воспоставување нови софтверски решенија и електронски услуги со цел да се овозможи интероперабилност и брза и ефективна правда);

- Стратешки документи за зајакнување на ИКТ капацитетите на државно ниво (проектирани стратешки цели во Стратегијата за ИКТ во Северна Македонија; што е постигнато; што треба да се постигне);

- Безбедност и заштита на личните податоци;

- Унапредување на правната рамка за дигитализација во Северна Македонија;

- Научени лекции и добри практики во примената на ИКТ алатки во правосудството;

- Заклучоци и идни активности во процесот на дигитална трансформација.

## Очекувани резултати

- Ефикасен и ефективен правосуден систем кој ќе обезбеди еднаков пристап до правда,

- Зголемена транспартентност и достапност на судовите и правосудните органи,

- Зголемување на довербата во судството,

- Воведување на нови механизми за намалување на бројот на застарени предмети,

- Зголемување на соработката при обезбедување на меѓународна правна помош

JustICT



# TAIEX Workshop on access to justice – contemporary developments in digitalising of judiciary

***Organised in co-operation with***

*ICT Council for Judiciary, North Macedonia*





***31 October–2 November 2023***
***Venue:***
*Ohrid, North Macedonia*
***Beneficiary:***
*ICT Council for Judiciary, North Macedonia*

TAIEX Case ID JHA84489

**TAIEX**
MOVING FORWARD TOGETHER WITH EU EXPERTISE

EUROPEAN UNION

## Aim of the Workshop:

The development of technology has provided fast, but above all reliable and secure communication for everything we need at the moment, whether it is about exercising a right before a competent authority, daily activity or sharing information.

However, the manner in which some of the interactions in electronic form were performed was insufficiently regulated. Hence, it is clear that technological development has challenged the legal system as well. If 30 years ago the legislation of developed democracies contained only instructions on how to connect to the Internet on the computers of an organization, today almost all processes are regulated, no matter what technology we use. The manner of transmission and access to information by means of electronic communication means, exchange of data and documents, the process of establishing the identity of persons remotely, the manner of use of evidence in electronic form and many other aspects are regulated, which undoubtedly lead to conclusion that the legislation was developed in order to ensure legal protection and legal certainty of all interactions in the digital world between different actors.

Developing legal systems must change as technology evolves. At European Union level, the Electronic Signature Directive of 1999 was replaced by the eIDAS Regulation in 2014, the Personal Data Protection Directive of 1995 was replaced by the GDPR in 2016, precisely because of the need to ensure legal certainty in the use of new technologies. Comparatively, the development of legal systems due to the development of technology is current in almost all modern democracies, including in the Republic of North Macedonia.

An unavoidable fact is the impact of the Covid-19 pandemic, especially in the context of digital transformation. The pandemic has taught us that many activities can be performed differently and that almost anything can be done electronically and remotely. Curfews or vaccination certificates were, unfortunately, the first electronic documents seen by both citizens and institutions, but for the first time they were also accepted as evidence in electronic form.

All these digital interactions, application of modern technologies, consistent implementation of the already legally prescribed principles "once only" and "digital by default" are not only necessary means for efficient and effective judiciary, but are also a basic mechanism for easier, appropriateand equal access to justice.

# Speakers:

- **Ms. Kornelija Ivanušić**
  Judge
  Criminal Court Judge - Municipal Court in Velika Gorica, Croatia

- **Ms. Marta Kozuchowska-Warywoda**
  Judge
  District Court Warsaw – Wola, Poland

- **Mr.AleksandarMarsavelski Ph.D,**
  Associate Professor
  Faculty of Law, University of Zagreb, Croati

- **Mr. Artis Trops**
  Legal Adviser
  Ministry of Justice, Latvia

- **Mr.AitorCubo Contreras,**
  General Director of Digital Transformation of the Administration of Justice,
  Ministry of Justice of Spain

***Data Protection:*** *Personal data contained in this document is processed in accordance with the privacy statement of the TAIEX instrument in compliance with Regulation (EU) 2018/1725. The chairperson should inform all persons attending the event that photographs/pictures should only be taken during a set period of time to allow for persons who do not agree to have their photographs taken to leave the room, unless all of the participants have provided their express consent to having their photograph taken.*

*See https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/taiex_privacy_statement_online.pdf*

## Day 1: 31 October 2023

| | |
|---|---|
| ***Sessions Moderators:***<br>***Lazar Nanev, Ph.D, Judge***<br>***Gordana Lazetic, Ph.D, Professor***<br>***FatimeFetai, LLM, Higher Public Prosecutor*** | |
| Local time | |
| ***9:30 – 10:00*** | *Registration, connecting participants, technical verifications* |
| **10:00 – 11:00** | **Welcome and introduction:**<br>- **Mr.DimitarKovacevski,**President of the the Government of North Macedonia,<br>- **Mr. Bojan Maricic**, Vice President for EU Affairs in North Macedonia,<br>- **Mr.Krenar Loga,**Minister of Justice of North Macedonia,**/to be confirmed**/<br>- **H.E.Kilian Val,** Ambassador, Head of the OSCE Mission in Skopje. |
| ***11:00 – 11:45*** | *Coffee break*<br>*Press releases*<br>Joint *photo* |
| **Panel 1**<br><br>**11:45 – 13:15** | **Digitization and Digital Transformation on a global level (the current processes of digitization, digital transformation in the judiciary as a prerequisite in the screening process and the start of negotiations with the EU)**<br><br>Panelists:<br>- **Mr. Bojan Maricic,**Vice President for EU Affairs in North Macedoniaand Head of the negotiation team - Chapter 23,<br>- **Mr. Didier Reynders**,Commissioner ofJustice,<br>- **Ms.ViktorijaAvramovska Madic,** Deputy Minister of Justice,<br>- **Mr. AleksandarMarsavelski** - Associate Professor at the Faculty of Law in Zagreb, Croatia<br>- **Ms. Marta Kożuchowska Warywoda,**Representative from Poland,<br>- **Ms. Kornelija Ivanušić,**Judge Criminal Court Judge, Municipal Court in Velika Gorica from Croatia.<br><br>Discussion/Q&A |

| | |
|---|---|
| **Panel 2**<br><br>**13:15 – 14:30** | **Digitization process and digital transformation as a prerequisite for interoperability between courts and other state authorities**<br>**Development of ICT tools, challenges and opportunities(the degree of digital transformation in the judiciary and in other state bodies; challenges for effective interoperability; access to databases in the form of electronic services; coordinating the necessary activities for the exchange of information and documents; resources in technical, organizational and personnel terms)**<br><br>Panelists:<br>– **Mr Artis Trops,** Legal Adviser, Ministry of Justice, Latvia<br>– **Mr. Oliver Spasovski**, Minister of Internal Affairs,<br>– **Mr. Azir Aliu**, Minister of Information Society and Administration,<br>– **Mr.Ivan Malenica**, Ph.D, Minister of Justice and Administration of Croatia,<br>– **Mr.AitorCubo Contreras,** General Director of Digital Transformation of the Administration of Justice, of the Ministry of Justice of Spain<br>– **Mr. Miodrag Đorđević,**Ph.D,President of the Supreme Court of Slovenija,<br>– **Ms.SlavjankaPetrovska,**Minister of Defence,<br>– **Mr.LjubomirJoveski,**State Public Prosecutor **/to be confirmed/**<br><br>Discussion/Q&A |
| **14:30 – 15:30** | *Lunch break* |
| | *Please be reminded to sign the attendance list* |
| **Panel 3**<br>**15:30 – 16:15** | **Use of digital tools in digital justice and cross border exchange of documents - Challenges and opportunities**<br><br>– **Mr. AleksandarMarsavelski** - Associate Professor at the Faculty of Law in Zagreb, Croatia<br>– **Ms Marta Kozuchowska-Warywoda,** Judge, District Court Warsaw – Wola, Poland<br>– **Mr.MiroslavGiembick,** IT Expert, Rule of low - EU project<br>– **Mr.TrajcePelivanov,** IKT council, Public Prosecution<br><br>Discussion/Q&A |
| | Official dinner |

| Day 2: 01November 2023 | |
|---|---|
| ***Sessions Moderators:***<br><br>***Lazar Nanev, Ph.D, Judge***<br><br>***Gordana Lazetic, Ph.D, Professor***<br><br>***FatimeFetai, LLM, Higher Public Prosecutor*** | |
| **Panel 4**<br>**9:30 – 11:00** | **Digital justice and fundamental rights**<br>**Strategic determinations regarding ICT in the judiciary**<br>**(review of the projected strategic goals in the Development Sectoral Strategy for Justice 2023-2027)**<br><br>Panelists:<br>- **Acad. Prof. Vlado Kambovski,**Ph.D, President of the commission<br>- **Ms. Besa Ademi PhD,** President of the Supreme Court of RSM**/to be confirmed**/<br>- **Mr. Sashko Georgiev,** President of the Judicial Council of the RSM<br>- **Ms Marta Kozuchowska-Warywoda,**Judge, District Court Warsaw – Wola, Poland<br>- **Ms Kornelija Ivanušić,**Judge,Criminal Court Judge - Municipal Court in Velika Gorica, Croatia<br>- **Mr. Drazen Radonjic,**General Director, ICT Justice and Data Security Directorate, Ministry of Justice of Montenegro<br><br>Discussion/Q&A |
| ***11:00 – 11:30*** | *Break* |

| | |
|---|---|
| **Panel 5**<br><br>**11:30-13:00** | **Digital transformation in the prosecutor's office, attorney's office and advocacy (to point out the needs and readiness of these authorities to accept the digital approach in their work as the main prerequisite for better access to justice)**<br><br>Panelists:<br>- **Mr. AleksandarMarsavelski** - Associate Professor at the Faculty of Law in Zagreb, Croatia,<br>- **Mr.AitorCubo Contreras,** General Director of Digital Transformation of the Administration of Justice, of the Ministry of Justice of Spain,<br>- **Mr. Kiril Kirovski,** IT local Expert,<br>- **Mr.Grzegorz Borkowski,** judge form Poland, Rule of low - EU project,<br>- Council of Public Prosecutors of the North Macedonia<br>- **Bojan Muršec,LLM**, the director of Center for Information Technology at the Supreme Court of the Republic of Slovenia,<br>- Representatives from the Judicial system from Montenegro<br>- **Representative from Next Sense**<br><br>Discussion/Q&A |
| **Panel6**<br><br>**13:00-14:00** | **Innovation of ICT tools in the judiciary**<br>**Good practices of using modern technological solutions for equal access to justice (opportunities offered by two-way communication platforms; remote trial comparative experiences; access to e-file; advantages of mobile application and good practice of using other software solutions)**<br><br>Panelists:<br>– **Mr Artis Trops,** Legal Adviser, Ministry of Justice, Latvia<br>– **Mr.Thomas Bech Pettersen**, IT Expert in Judiciary Digitalization from Norway,<br>– **Mr.Grzegorz Borkowski,** judge form Poland, Rule of low - EU project,<br>– **USA** – judge,<br>– **Hong Kong** - judge<br><br>Discussion/Q&A |
| ***14:00 – 15:00*** | *Lunch break* |
| | *Please be reminded to sign the attendance list* |

| | |
|---|---|
| **Panel 7**<br>**15:00 – 16:30** | **Access to governance, transparency and efficiency with the application of new innovative ICT tools by IT companies for judicial authorities (sharing experiences regarding good practices and difficulties in the process of establishing new software solutions and electronic services in order to enable interoperability and fast and effective justice)**<br><br>Panellists<br><br>- **Mr. Miljazim Mustafa,** ICT counciland Representative of the Judicial Council,<br>- **Mr. Argjent Karai,** Had of Operations, International Management Group-IMG,<br>- **Mr.FatmirRexhepi** – Head of IT,Judicial Council of the Kosovo,<br>- **Mr.NexhatHaziri** – Head of IT,of Public Prosecutors of the Kosovo<br>- **Mr.DavorDubravica** – judge from Hrvatska<br><br>Discussion/Q&A |
| **19:00** | Cultural visit of Ohrid – UNESCO city<br><br>Dinner |

| Day 3: 02 November 2023 | |
|---|---|
| ***Sessions Moderators:***<br>***Lazar Nanev, Ph.D, Judge***<br>***Gordana Lazetic, Ph.D, Professor***<br>***Fatime Fetai, LLM, Higher Public Prosecutor*** | |
| **Panel 8**<br>**9:30 – 10:45** | **Security and protection of personal data**<br>**Advancement of the legal framework regarding digitization in North Macedonia**<br><br>Panelists:<br>- **ICS**<br>- **Kontego**<br>- **Ministry for IT**<br>- **Edusoft**<br>- **Telesmart**<br>- About the new law on security of information systems - Ministry for IT<br><br>Discussion/Q&A |
| ***10:45 – 11:15*** | *Break* |
| **Panel 9**<br>**11:15 – 12:30** | **Strategic documents regarding the strengthening of ICT capacities at the state level (projected strategic goals in the Strategy for ICT in the North Macedonia; what has been achieved; what needs to be achieved)**<br><br>Panelists:<br>- **Ms.IrenaDimovska,**IT advisor, Public prosecutor's office of Republic of North Macedonia<br>- **Ms.LoretaGorgieva** - ICT council<br>- **Mr. GoseAndonov**,Judge<br>- **Bojan Muršec,LLM**, the director of Center for Information Technology at the Supreme Court of the Republic of Slovenia, |
| **Panel 10**<br>**12:30 – 14:00** | **Lessons learned and good practices in the application of ICT tools in the judiciary**<br><br>Panelists:<br>- **Mr Artis Trops,** Legal Adviser, Ministry of Justice, Latvia<br>- **Mr. Gavril Bubevski**,judge, public prosecutor, lawyer<br>- **Mr, Davor Kos,** Judge of the Supreme Court from Croatia,<br>- **Montenegro -** public prosecutor from the region<br>- **Mr. Aleksandar Marsavelski** - Associate Professor at the Faculty of Law in Zagreb, Croatia<br><br>Discussion/Q&A |

| | |
|---|---|
| **14:00 – 14:30** | **Conclusions and future activities in the digital transformation process**<br><br>Panelists:<br>- **Members of the ICT Coordination Council in judicial authorities** |
| ***14:30 – 15:30*** | *Lunch break* |
| ***15:30*** | **Departure of participants** |
| | |

# TAIEX

MOVING FORWARD TOGETHER
WITH EU EXPERTISE

Annual Activity Report

EN: europa.eu/!bxCcUp
FR: europa.eu/!VgYK9J
DE:europa.eu/!Kmmd4b

near-taiex@ec.europa.eu
ec.europa.eu/taiex
facebook.com/EUNEAR
@eu_near |#EUTaiex